РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ-БАС
Бр. 0201-232/1
28.10 2019 год.
СКОПЈЕ

БАС
ВИСОКА ШКОЛА

Врз основа на член 60 став 1 алинеја 42 од Статутот на БАС, Органот на основачи на БАС на состанокот одржан на 28.10.2019 година ја донесува следнава

# ОДЛУКА

## за продолжување и завршување на студиите на неактивните студенти на втор циклус на студии согласно студиската програма на која се запишале

**Член 1**

Неактивните студенти (односно студентите кои повеќе од еден семестар, а помалку од 3 (три) години не посетувале настава), а кои биле запишани на втор циклус на студии на БАС на студиската програма по Стратегиски менаџмент од студиската 2018/2019 година па наназад им се овозможува завршување на наставните и финансиските обврски на студиите согласно студиската програма на која се запишале и договорот за школување најдоцна до 30.09.2020 година.

**Член 2**

Студентите, опфатени во член 1 на оваа одлука, потребно да поднесат Барање за активирање на студиите до Наставничкиот совет на БАС.

Врз основа на Одлуката на Наставничкиот совет на БАС студентите ќе можат да ги продолжат студиите на студиската програма на која се запишале согласно предвидениот рок во член 1 на оваа одлука.

**Член 3**

Студентите, опфатени во член 1 на оваа одлука, кои нема да ги завршат предвидените наставни обврски согласно рокот предвиден во член 1 на оваа одлука, сами ги сносат последиците и разликите кои произлегуваат од префрлување на друга, нова студиска програма (наставни и финансиски) и кои ги предвидува Законот, Статутот и другите општи акти на БАС.

**Член 4**

Да се информираат сите студенти, опфатени со член 1 на оваа одлука, за начинот, условите и роковите за завршување на студиите.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**Орган на основачи на БАС:**

**Проф. д-р Цветко Смилевски**

**Виш пред. м-р Горазд Смилевски**

**Цена Смилевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
Бизнис академија Смилевски-БАС
СКОПЈЕ